1.157.3.8/52



# ИНФОРМАЦИЈИ ОДНОСЮ СОСТАВОТ НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО ГРЧКА ЗАПАДНА МАКЕДОНИЈА (ЛЕРИНСКО, КОСТУРСКО, ВОДЕНСКО)

Во Грчка западна Македонија (Леринско, Костурско, Воденско и Кајларско) болшинството по одношение на составот на населението е наше. Во овија области имаме ~~скд~~ 75% - 80% наш народ, а останалиот процент е туѓ: грчки, бежански елемент колонизиран тамо от Мала Азија, влашки елемент и арнаутски елемент.-

Лерински округ: со две околији Леринска и Костурска. Целото население на округот около 120-130.000.

1) Леринска околија. Главен град Лерин со 15.000 население от кое половината е наше а останалото е бежанско грчко от Мала Азија и влашко (Власите са фанатици гркомани). Во градот Лерин славјанскиот македонски дух е силен.

Во Леринската околија имаме две арнаутски села: Негован и Бел Камен (Дросопији) и едно влашко Невеска (Нимфеон). Останалите села са славјански македонски. Разбира се, во Леринската околија има колонизирани бежанци Грци от Мала Азија, који са установени тамо след иселването на Македонци во Бугарија/согласно со конвенцијата Политис-Калфов от 1925 година.

Сепак, вопреки што немаме официални и конкретни аргументи сме во состојание да знаеме што 75-80 % от населението во Леринска околија е наше.

2) Костурска околија: Главен град Костур со 12.000 население от кое почти цело е грчко. Тука имаме околу две хиљади-2.000 Евреји (Евреjите днес са иселени принудително от Германците во Германија или Полша) Тука вопросако имаме 50 семејства македонски, произходјашти от околните села. Грците от градот Костур се шовинисти патриоти и настроени враждебно према нас. Во Костурска околија имаме едно влашко село (Клисура) гркоманско, едно арнаутско (Лехово) исто гркоманско. Чисти грчки села са: Вогацикон, Јермас, Костаразион, Диспиљон и полугрчко Мавровон. Останалите села са славјански македонски. И во Костурска околија имаме Грци бежанци от Мала Азија, но и тука болшинството е наше со процент 75 %.

3) Кајларска околија(која административно принадлежи на Кожанскиот округ): И во таја околија имаме наш народ.

<u>Воденски округ:</u> Главен град Воден со население 15.000 от кое повекето от половината е наше а останалото е бежанско грчко от Мала Азија. Во град Воден славјанскиот македонски дух е силен.

1) Воденска околија: болшинството по одношение на составот на населението е наше, со процент 75%. Останалото е грчко.

2) Карацовска околија: главен град Субоцко со население 5-6.000.

И тука болшинството е наше, како и во цела Карацовска околија.

Воденскиот округ има население околу 140.000, от кое 75% е наше.

Официална статистика односно составот на населението во горе споменатите македонски области немаме предвид, но горните информации одговарат приблизително на дејствителноста.

18.X.1944

с.Г.Врановци

Филип Васков-Славјански